РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1341
07 -08- 2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Управување со системи за безбедност и здравје при работа и студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет со потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет на Машински факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Управување со системи за безбедност и здравје при работа и студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет со потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет на Машински факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 08-645/16 од 10.07.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1341 од 10.07.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Управување со системи за безбедност и здравје при работа и студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет со потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет на Машински факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 17-48/2 од 10.07.2017 година и Решение за акредитација бр. 17-48/3 од 10.07.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1341 од 13.07.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус двегодишни студии и втор циклус едногодишни студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 18.07.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1341 од 19.07.2017 година, каде е наведено дека за **студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Управување со системи за безбедност и здравје при работа и студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет со потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет на Машински факултет при** Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со

Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Анета Трпевска**

**Доставена до:**
- **Примач**
- **Архива**

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити

Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 14.08.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 645/18 | | |